Врз основа на член 22, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), како и член 43 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар “бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден ___. 12.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активности на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита**
**за 2025 година**

## I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Општина Демир Хисар кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на здравствената заштита;
- Унапредување на здравјето на граѓаните.

## II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита ќе бидат насочени кон потикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Унапредување на соработката на Советот на Општина Демир Хисар со јавните здравствени организации;
- Спроведување на превентивни активности за заштита на здравјето на граѓаните и
- Спроведување на активности за здравствено воспитување, особено на младата популација.

| **Р. бр.** | **АКТИВНОСТИ** | **РОК** | **НОСИТЕЛ** | **ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА** | | | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Демир Хисар | Министерство за здравство | Други извори | |
| 1. | Едукација за превентива од дијабетис (шеќерна болест) | 16.11.2025 | ЈЗУ “Здравствен дом” Демир Хисар | 4.000,00 | | | 4.000,00 |
| 2. | Едукација за превентива од СИДА | 01.12.2025 | ЈЗУ “Здравствен дом” Демир Хисар | 4.000,00 | | | 4.000,00 |
| 3. | Едукација за превентива од вирусни инфекции (грип и сл.) | Септември 2025 | ЈЗУ “Здравствен дом” Демир Хисар | 4.000,00 | | | 4.000,00 |
| 4. | Едукација за превентива од коронарни болести | 27.09.2025 | ЈЗУ “Здравствен дом” Демир Хисар | 4.000,00 | | | 4.000,00 |
| 5. | Едукација за превентива од карцином на дојка | | ЈЗУ “Здравствен дом” Демир Хисар | 4.000,00 | | | 4.000,00 |
| 6. | Трибини на тема зависности (дрога, алкохол) | | ЈЗУ “Психијатриска болница” Демир Хисар | 4.000,00 | | | 4.000,00 |
| 7 | Исхраната како лек | | ПЗУ „Св. Пантелејмон“ | 3.000,00 | | | 3.000,00 |
| 8 | Заштита од мобилни телефони и други ел. апарати | | ПЗУ „Св. Пантелејмон“ | 3.000,00 | | | 3.000,00 |
| | | | | | | **Вкупно** | **30.000,00** |

## III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на здравствената заштита утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар предвидени за 2025 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорства и донации.

## IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба, на предлог на Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Демир Хисар, Програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

## V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа програма ќе се одвива преку Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Демир Хисар.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар”.

Бр.17-___/__
___. 12.2024 г.
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател
Љупчо Најдовски